**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-1170
27.11. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-6713/1 од 25.11.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не почитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи, од страна на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, Директорот на Агенцијата на ден 26.11.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, на 16 октомври 2015 година, емитуваше програма што не беше соодветно означена како програма во која се пласирани производи.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6713/1 од 25.11.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 25 ноември 2015 година, извршила вонреден програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 16 октомври 2015 година, при што било констатирано дека радиодифузерот емитувал програма што не била соодветно означена како програма во која се пласирани производи, односно не го означил пласирањето производи и услуги во забавно-документарната емисија „Урбан стил", со што го прекршил член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6713/1 од 25.11.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6713/1 од 25.11.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-6713/1 од 25.11.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

25-11-2015

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 10 6713 1

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: вонреден;

2. Субјект на надзорот: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ;

3. Период опфатен со надзорот: 16 октомври 2015 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 25 ноември 2015 година;

5. Предмет на надзорот:

   - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

- Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа).

6. Претходно изречена мерка: нема;

7. Констатации од надзорот:

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, емитуван на 16 октомври 2015 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (задолжително означување програми што содржат пласирање производи).

Програмскиот сервис на ТРД РТВ Орбис Битола ДООЕЛ, емитуван на 16 октомври 2015 година, не го означи пласирањето производи и услуги во забавно-документарната емисија „Урбан стил".

16 октомври 2015 г.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Урбан стил (забавно-документарна) | 04:06 | 05:30 |

Белешка: *Поради лошиот технички квалитет на снимките што служеа како материјал за анализата, посебно – поради асинхроност на тонот и на сликата во време од десеттина секунди, во табелата од описот на прекршувањето дадени се само саатот и минутите.*

Изданието на забавно-документарната емисија „Урбан стил" од 16 октомври 2015 година, претставува склоп од новинарски прилози, најчесто – интервјуа / разговори, со разнороден тематски интерес, при што за локации на снимањето се избрани простории на медицински ординации, на аптека и на угостителски објект. Интервјуата / разговорите се реализирани со документаристичка објективност (*компетентна медицинска експликација / совет; приказ на кулинарски рецепт*), односно – без примарна намена да претставуваат комерцијални презентации на услуга или на производ, но, токму изборот на локациите на снимањето, определен и вербално и визуелно, прави непосредна комерцијална врска со ординациите „*Дерма бела*" и „*Дерма плус*", со аптеката „*ДНА Анни Фарм*", и со ресторанот „*Ѕвезден океан*".

По насоките од точките 12 и 13 од *Општите правила за пласирање производи*, од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, конкретното издание на емисијата „Урбан стил" задолжително требало да биде означено како – емисија во која се пласирани производи/услуги, затоа што:

*- пласирањето производи мора да биде веднаш препознатливо како такво (точка 12);*

*- не е дозволено прикриено пласирање производи (точка 13);*

Точките 25 и 26 од „Упатството за примена на одредбите за пласирање производи", го пропишуваат начинот на означување програми што пласираат производи:

*- Со цел да се избегне забуна кај гледачите, програмите кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата (доколку програмата се прекинува со паузи за рекламирање) – (точка 25);*

*- ТВ Програмите кои содржат пласирање производи се означуваат со истакнување лого и текст на ТВ екранот, на следниов начин:*

- *логото треба да се истакне на кој било дел од екранот и да биде лесно забележливо за гледачите;*
- *секое појавување на логото мора да е проследено со текст;*
- *секое појавување на логото и на текстот на екранот треба да трае најмалку 10 секунди (точка 26);*

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, на 16 октомври 2015 година, емитуваше програма што не беше соодветно означена како – програма во која се пласирани производи.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата

***Сектор за програмски работи***